Општински ученички дом
ЛАЗАР ЛАЗАРЕВСКИ
Бр. 02-257/1
29.08.2019 год.
Велес

Врз основа на член 60 став 1 алинеа 2 од Законот за ученички стандард (Сл.весник на Р.Македонија бр.52/05) и член 59 од Статутот на ОУД„Лазар Лазаревски“-Велес, Управниот одбор на седницата одржана на ден 29.08.2019 година, ја донесе следнава

ОДЛУКА
за поднесување на Годишен Извештај за работа на ОУД„Лазар Лазаревски“-Велес

Член 1

Управниот одбор го разгледа Годишниот Извештај за работа на ОУД„Лазар Лазаревски“-Велес за учебната 2018/2019 година и истиот го поднесува на усвојување до Советот на Општина Велес.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Општински ученички дом ЛАЗАР ЛАЗАРЕВСКИ * Велес * Република Македонија

Претседател на Управен одбор,
Александар Гулевски

Општински ученички дом
ЛАЗАР ЛАЗАРЕВСКИ
Бр. 01-256/1
29.08.2019 год.
Велес

ОУД „ЛАЗАР ЛАЗАРЕВСКИ" ВЕЛЕС



ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОУД „ЛАЗАР ЛАЗАРЕВСКИ" ВЕЛЕС ЗА УЧЕБНАТА 2018/2019 ГОДИНА

в.д. Директор,

Марјанчо Јорданов

Август, 2019

Врз основа на член 60, став1, алинеа 2 од Законот за ученички стандард (Сл.весник на РМ бр. 52/05) и член 59, став 1, алинеа 2 од Статутот на ОУД „Лазар Лазаревски" Велес, Управниот одбор на ОУД „Лазар Лазаревски" Велес на седницата одржана на ден 29.08.2019 година предлага до Совет на Општина Велес да усвои

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОУД „ЛАЗАР ЛАЗАРЕВСКИ"
за учебната 2018/2019 година

ВОВЕДЕН ДЕЛ

Годишниот извештај за работа на ОУД „Лазар Лазаревски" Велес за учебната 2018/2019 година е синтетизиран приказ на постигањата на учениците, извршените работи и работни задачи на сите субјекти вклучени во работата на ученичкиот дом. Тој ги опфаќа реализираните активности планирани во Годишната програма на ученичкиот дом за учебната 2018/2019 година и со нивниот приказ се согледуваат реалните постигања на учениците, на воспитувачите и на ученичкиот дом во целост. Изготвувањето на овој извештај има нормативна основа која е предвидена со Законот за ученички стандард, Статутот на Ученичкиот дом, како и Планот и Програмата за воспитно – образовна дејност во ученичките домови донесена 1999 година од Министерството за образование и наука на Република Македонија.

Содржините, активностите и резултатите изнесени во извештајот се темелат врз показатели и податоци од:

- извештаи од воспитувачи

- извештаи од раководниот тим

- записници и извештаи од Совет на воспитувачи

- записници и извештаи од Домска заедница

- аналитички прилози (списоци на ученици, списоци на активности, фотокопии од дипломи, видео записи, линкови за публикувани прилози, извештаи и сл.).

Севкупната стручна работа на раководниот тим, воспитувачите и административната служба е од значење за развојот на унапредувањето на воспитно-образовниот процес во ученичкиот дом и се препознава во бројни реализирани задачи и активности.

Во реализација на програмата за работа на ученичкиот дом активно учество земаа воспитувачите, учениците и родителите, постојаните и привремените Комисии во Домот, а свој придонес дадоа Локалната самоуправа, како и голем број на надворешни соработници. Извештајот со содржината покажува дека Годишната програма е речиси во целост реализирана. Значителен број активности и задачи се реализирани и извршени со потребниот квалитет и постигнати се очекуваните цели. Навремено беа изготвени сите потребни документи за успешна реализација на воспитно-образовната работа во

ученичкиот дом. Директорот континуирано ја следеше работата на воспитувачите со проверка на педагошката документација и евиденција.

Информациите во извештајот се методолошки и хронолошки подредени според подрачјата предвидени во Годишната програма за работа и во главно се однесуваат на следните процеси: просторни и други услови за работа, реализација на содржините на воспитно-образовната работа од основните програмски подрачја, постигнувањата на учениците, учениците во редовните занимања и вон-наставни области, соработка со родителите и локалната средина, со Локалната самоуправа и другите институции, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Државниот просветен инспекторат, Управниот одбор на ученичкиот дом и Советот на родители.

За одредени подрачја на овој извештај Ученичкиот дом располага со дополнителни прилози.

1. УЧЕНИЧКИОТ ДОМ КАКО ОРГАНИЗАЦИСКИ СИСТЕМ

Основна цел на ученичкиот дом како организациски систем е формирање на сестрано развиена личност. Севкупниот процес на воспитание е да изгради личност која постојано ќе манифестира интелектуална, морална и емоционална подготвеност да напредува и да се усовршува себеси, а последователно на тоа и светот околу себе, преку откривање и реализирање на нови идеи и можности. Насочувањето на ученикот како индивидуа во развој треба да биде трасирано кон развивање на критички однос кон себеси и кон општествениот живот како би можело да се создадат нови вредности на соработка и хуманост. Со тоа доаѓа до израз хуманистичко-развојната компонента и индивидуалните потреби и интереси на учениците.

ОУД „Лазар Лазаревски" Велес е воспитно – образовна установа која е наменета за учениците кои се школуваат надвор од местото на живеење. Дејноста е регулирана со Законот за ученички стандард (Сл.весник на РМ бр.52/2005) каде што во член 9 се вели: Ученички дом е установа која на учениците им обезбедува сместување, исхрана, воспитно –образовна работа, грижа за здравјето, културно – забавни, спортско – рекреативни и други дејности. Домот ги прифаќа редовните ученици од четирите средни училишта во градот и тоа од ОСУ„Јовче Тесличков", ССОУ „Коле Неделковски", ССОУ„Димитрија Чуповски" и ОСУ„Гимназија Кочо Рацин". Тој е наменет за ученици од различни возрасти и степени на образование кои имаат потреба од домско сместување (кои се школуваат надвор од местото на живеење).

Воспитната функција е една од најнагласените функции во ученичкиот дом. Ученичкиот дом, како воспитно-образовна установа овозможува заеднички живот на учениците, во која тие се воспитуваат и се под постојан надзор на воспитувачите. Меѓутоа ученичкиот дом ниту може ниту пак го заменува во целост семејството, туку претставува една неопходна и важна врска меѓу воспитно-образовните организации, од една страна, и семејството, од друга страна. Задоволувајќи ги основните егзистенцијални потреби на ученикот, укажувајќи му помош во учењето и создавајќи услови и можности за рационално користење на слободното време, ученичкиот дом овозможува услови за сестран и слободен развиток на младата личност.

Во рамките на својата воспитно – образовна дејност ученичкиот дом посебно работеше на:

- Изградување на култура на домување, исхрана и одржување на општата и лична хигиена и зачувување на животната и работна средина
- Создавање на педагошки и други услови и можности за слободен индивидуален развој и заеднички социјални активности
- Обезбедување современа технологија и организација за самостојно и групно учење
- Изградување чувство за одговорен однос кон обврските и барањата што ги поставува училиштето и домската средина во поглед на учењето и другите задолженија во рамките на воспитно – образовниот процес
- Создавање пријатна социјална атмосфера во Домот како целина и меѓу учениците во одделните воспитни групи и развивање на чувства за заеднички живот и работа
- Збогатување на формите на спортско и рекреативно живеење на учениците во Домот
- Создавање навики на правилно, самостојно и организирано користење на слободното време преку организирани културни, уметнички, спортско рекреативни и други активности
- Перманентна соработка со родителите и училиштата
- Воспоставување на конкретни облици на соработка со општествената средина

2. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖИВОТОТ И РАБОТАТА ВО УЧЕНИЧКИОТ ДОМ

2.1. Општи податоци за ученичкиот дом

Име на ученичкиот дом	ОУД„Лазар Лазаревски"
Адреса, општина, место	ул.Д-р.Христо Татарчев 3-Велес, Велес
Телефон	043/231-337
Фах	043/212-794
Е-маил	dudlazarlazarevski@yahoo.com
Основач/сопственик	Општина Велес
Датум на основање	19.10.1956
Верификација-број на актот	09-10995/3
Година на верификација	26.10.2015
Јазик на кој се изведува наставата	Македонски јазик
Година на изградба	1962
Тип на градба	Тврда градба
Површина на објектот	2354м2
Површина на дворот	3000 м2
Ученичкиот дом работи во смени	Да
Начин на загревање на ученичкиот дом	Сопствено топловодно греење на нафта
Број на воспитни групи	7(седум)
Статус на еко-училиште (зелено знаме, сребрено или бронзено ниво)	Зелено знаме
Датум на добиен статус	05.03.2014 и 23.12.2015

2.2. Просторни услови за работа на ученичкиот дом

Вкупен број на згради	2(две)
Бруто површина	6054м2
Нето површина	3054м2
Број на катови	П+2
Број на занимални	3(три)
Број на простории за дополнителна воспитно-образовна дејност и слободни ученички активности	1(една)
Простории за администрација	4(четири)
Простории за воспитувачи	1(една)
Домска библиотека	1(една)
Кабинет за информатика	1(една)
Сала за пинг-понг	1(една)
Фитнес сала	1(една)
Медиотека	1(една)

2.3. Ресурси во ученичкиот дом

2.3.1. Човечки ресурси во ученичкиот дом

	Вкупно	Етничка и полова структура на вработени									
		Македонци		Албанци		Турци		Роми		Други	
		м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж
Број на вработени	13	4	9	/	/	/	/	/	/	/	/
Даватели на услуги-воспитувачи	5	1	4	/	/	/	/	/	/	/	/
Административни службеници	1	/	1	/	/	/	/	/	/	/	/
Помошно-технички лица	6	2	4	/	/	/	/	/	/	/	/
Директор	1	1	/	/	/	/	/	/	/	/	/

- Степен на образование на вработени

Образование	Број на вработени
Високо образование	7
Средно образование	4
Основно образование	2

- Старосна структура на вработени

Години	Број на вработени
20-30	/
31-40	4
41-50	/
51 - пензија	9

2.3.2. Материјално-технички средства

Компјутер	6
Лап топ	8
Печатар ласерски	5
Печатар игличен	1
Телевизор	6
Сервер со 5 клиенти	1
Видео мониторинг со 16 камери	1
Интерна разгласна станица	1
ДВД	1

ЛЦД проектор	1

2.4. Реализирани активности во текот на годината за подобрување на условите за работа

Нови душеци во спални соби на учениците	240 душеци
Хортикултурно уредување на дворот	2000м2
Извршени молерофарбарски работи	2000м2
Извршена дезинфекција	цел објект
Извршена дезинсекција	кујна со помошни простории, трпезарија, магацини и подрумски простории
Извршена дератизација	кујна со помошни простории и подрумски простории
Нови маси во спални соби на ученици	45
Поставени се сончеви колектори	7
Нови кревети во спални соби на ученици	240
Нови плакари во спални соби на ученици	40

3. ТАБЕЛАРНИ ПРЕГЛЕДИ ЗА БРОЈНАТА СОСТОЈБА НА УЧЕНИЦИТЕ

Врз основа на член 27 од Законот за ученичкиот стандард ("Службен весник на Република Македонија" број 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15 и 30/16), Правилникот за начинот и постапката за прием на учениците во јавните ученички домови („Службен весник на Република Македонија" број 55/10, 49/11, 50/15, 59/16, и 41/17) и Правилникот за начинот на остварување на правото за сместување во ученички дом за учениците во спортска академија бр.20-6066/1 од 22.03.2016 година, МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА распиша КОНКУРС за прием на ученици во јавните ученички домови во Република Северна Македонија за учебната 2018/2019 година.

- **Преглед на бројната состојба на учениците по години на школување за учебната 2018/2019 година**

	година	вкупно
1.	Прва година	31
2.	Втора година	43
3.	Трета година	34
4.	Четврта година	66
ВКУПНО:		174

➢ **Преглед на постигнатиот успех на учениците по воспитни групи на крајот од првото полугодие во учебната 2018/2019 година**

воспитни групи	Бр.ученици			одличен	многу добар	добар	доволен	со 1 негативна	со 2 негативни	со 3 и повеќе негативни	Среден успех
	м	ж	вкупно								
I	29	5	34	7	13	10	4	/	/	/	**3.68**
II	22	7	29	6	7	10	6	/	/	/	**3.37**
III	27	7	34	6	9	9	10	/	/	/	**3.30**
IV	2	31	33	6	12	5	/	4	4	2	**3.63**
V	7	15	22	10	1	3	1	4	2	1	**3.66**
VI	5	23	28	15	6	3	/	1	2	1	**4.22**
вкупно	**92**	**88**	**180**	**50**	**48**	**40**	**21**	**9**	**8**	**4**	**3.64**

- **Преглед на бројната состојба на учениците според постигнатиот успех на крајот на учебната 2018/19 година**

воспитни групи	Бр.ученици			одличен	многу добар	добар	доволен	со 1 негативна	со 2 негативни	со 3 и повеќе негативни	Среден успех
	м	ж	вкупно								
I	23	9	32	18	6	6	2	/	/	/	**4,13**
II	22	6	28	7	11	9	1	/	/	/	**3,79**
III	26	7	33	9	12	11	1	/	/	/	**3,92**
IV	1	31	32	13	8	10	1	/	/	/	**4,00**
V	7	14	21	11	3	6	1	/	/	/	**4,03**
VI	5	23	28	18	4	5	1	/	/	/	**4,39**
вкупно	**84**	**90**	**174**	**76**	**44**	**47**	**7**	**/**	**/**	**/**	**4,04**

4. МИСИЈА, ВИЗИЈА И МОТО НА УЧЕНИЧКИОТ ДОМ

- **Мисија на Домот**

Ние сме Дом со традиција, отворен за нови идеи кои поттикнуваат индивидуалност и креативност, дисциплина и култура на живеење, повисоки нтелектуални способности и образование и воспитание кое ќе одговори на животните предизвици.

- **Визија на Домот**

Нашата визија е да создадеме институција која ќе биде удобно и безбедно место за живеење, препознатлива по своите критериуми и принципи, за постигнување висок квалитет,одговорност и трајни човечки вредности.

Мото на Домот

Ова е сликата на Ученички дом кон која целиме во иднина. Во тоа веруваме сите, и сите заеднички се водиме од едно и единствено мото:

Сите во акција за нов, современ, динамичен и ефективен ученички дом

5. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОСНОВНИТЕ ПРОГРАМСКИ ПОДРАЧЈА И СОДРЖИНИ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

Основна задача на ученичкиот дом е да изгради сестрано развиена личност која се одликува со свесна активност и правилен однос кон општеството, хуман однос кон другите, критичко однесување и согледување кон сите промени, односно оспособување на личноста за позитивно менување на самиот себеси и опкружувањето во кое учи и живее. Ученикот е централна личност во воспитно-образовната работа, кон која се насочени сите активности, а кои се имплементираат во работата на ученичкиот дом.

Ученикот треба да учествува во планирање, реализирање и вреднување на постигнатите резултати во активностите од петте основни програмски подрачја:

- Физичко и здравствено воспитание

Со оглед на специфичноста на проблематиката, условите, можностите и потребите на учениците во рамките на физичкото и здравственото воспитание поставените задачи во целост беа исполнети. Грижата за здравјето и правилниот физички развој на учениците е перманентна задача на домот која се реализираше низ секојдневните активности.

- Интелектуално воспитание

Од успешната реализација на интелектуалното воспитание, како значаен сегмент во работата на ученичкиот дом, во голема мера зависи успешноста на воспитно-образовната работа на Домот. Целта на ова воспитно подрачје е да ги оспособува учениците да ја запознаваат, бараат и откриваат вистината и да развиваат личен и одговорен однос кон неа. На тој начин се придонесува во формирањето и развивањето на интелектуалните способности како што се креативност и критичко мислење, развивање на мисловните процеси, психологија на учење и мотивација. Најважна форма за реализација на интелектуалното воспитание е учењето. Воспитувачот како организатор на учењето во улога на ментор, аниматор и реализатор е на располагање на учениците за консултации, појаснување, насоки и друг вид на помош.

- Естетското воспитание

ОУД „Лазар Лазаревски" Велес има за цел да ги надополни, прошири, продлабочи знаењата од областа на естетиката, убавото, корисното, културното доживување на учениците како и развивање на нивните творечки способности. Активностите за реализација на содржините на естетското воспитание се реализираат и одвиваат во Домот, но и надвор од него.

- Работното воспитание и општетсвено корисен труд

Целта на ова подрачје е учениците да го разберат значењето на трудот како извор на сите вредности и да се формира позитивен однос кон истиот. Низ процесот на воспитната работа и трудот на учениците треба да ги применуваат своите стекнати знаења, да ги развиваат и усовршуваат своите знаења и да ги применуваат во интелектуалната и физичката работа и да придонесуваат во создавање на материјалните вредности.

Работното воспитание е значајна компонента на воспитно-образовната работа во ученичкиот дом, меѓутоа секоја работа и работно ангажирање на учениците има педагошко значење. Самата работа претставува извор на нови знаења, навики и вештини, развива потреба и смисол за соработка, ја поттикнува волјата и дисциплинираноста и ги развива позитивните човекови особини.

- Граѓанско воспитување

Содржините од ова подрачје беа групирани спрема возраста на учениците, потребите и можностите на Домот. Хуманистичките и современите вредности како развивање на позитивни меѓучовечки односи во формални и неформални групи, однос кон материјалните и духовните вредности, одговорност, праведност, дисциплина, самодисциплина, личен пример на воспитувачот и други беа основните постулати кои не водеа низ работата во нивната реализација.

6. ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Работата на слободните ученички активности е програмска ангажираност во секојдневието на учениците каде слободното време беше осмислено и организирано. Во Домот се реализираат и работат повеќе секции од различни области. Преку нив учениците се воведуваат во различни области од животот со дадена можност организирано да го поминат своето слободно време. Создадени се услови за работа и развој на учениците кои покажуваат посебен интерес и афинитет кон одделни активности. Активностите се одвиваат по однапред утврден план и програма.

Во учебната 2018/2019 година во ОУД„Лазар Лазаревски" Велес беа организирани следните слободни ученички активности:

р.бр	секција	одговорен воспитувач
1.	СПОРТСКА - фудбал - ракомет (м), (ж) - кошарка (м), (ж) - пинг-понг (м), (ж) - шах (м), (ж)	Дејан Гиновски Василка Ѓурчиновски
2.	КУЛТУРНО ЗАБАВЕН ЖИВОТ	Дејан Гиновски
3.	ЕСТЕТСКА	Валентина Граматова, Елена Даскалова
4.	ЛИТЕРАТУРНА	Василка Ѓурчиновски
5.	ЛИКОВНА	Василка Ѓурчиновски, Елена Даскалова
6.	БИБЛИОТЕКА	Валентина Граматова, Елена Даскалова
7.	ИНФОРМАТИЧКА	Дејан Гиновски, Василка Ѓурчиновски
8.	ФОЛКЛОРНА	Дејан Гиновски, Василка Ѓурчиновски
9.	ЕКОЛОШКА	Сите воспитувачи

Задачите што беа поставени од почетокот на учебната година од наведените секции ја постигнаа посакуваната цел да го подобрат квалитетот на живеење на учениците, да им овозможат запознавање со јавни и културни институции и објекти во средината и нивно користење, како за време на школувањето така и во понатамошниот живот. Тоа подразбира, организирање на посети на изложби, театарски претстави, следење на ТВ програми кои позитивно ќе делуваат на нивниот развој со правилна селекција на изборот на емисиите што ќе им го одземат посветеното време. Несомнено е дека треба да се истакнат и резултатите кои учениците ги постигнаа на квалификациите во неколку спортски дисциплини во рамките на Домската лига.

7. ОРГАН НА УПРАВУВАЊЕ И СТРУЧНИ ОРГАНИ ВО УЧЕНИЧКИОТ ДОМ

7.1. Управен одбор

Орган на управување во ученички дом е Управниот одбор. Во текот на учебната 2018/2019 година, Управниот одбор работеше согласно надлежностите дадени во Законот за ученички стандард и планирањата во програмата за работа. Управниот одбор во ОУД„Лазар Лазаревски" е составен од седум члена, и тоа: двајца претставници од воспитувачите, еден претставник од родителите, односно старателите на учениците, тројца претставници од Основачот и еден претставник од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија. Согласно Законските ингеренции Годишната програма за работа на Управниот одбор на ОУД „Лазар Лазаревски" Велес, како Орган на управување, ја реализираше со редовно одржување на седници на Управен Одбор. Во текот на учебната 2018/2019 година се одржани 11 седници на Управен одбор.

7.2. Совет на воспитувачи

Советот на воспитувачи, како стручен орган , кој го сочинуваат воспитувачите и директорот на Домот, во текот на учебната 2018/2019 година го следеше успехот и поведението на учениците, нивното напредување или заостанување во учењето и предлагаше мерки за негово подобрување и унапредување на воспитно-образовната работа на Домот.

Во текот на минатата учебна година Советот на воспитувачи редовно се состануваше и ги третираше следните прашања:

- учествуваше во подготовка на Годишна програма за работа на Домот за учебната 2018/2019 година

- изготви Извештај за работа на Домот за учебната 2017/2018 година

- изготвуваше извештаи за успехот на учениците по класификациони периоди

- ја изготви Програмата за работа на Совет на воспитувачи

- ги изготви Програмите за слободни ученички активности

- формираше воспитни групи

- беа изречени педагошки мерки за учениците кои не го почитуваа Куќниот ред на Домот

- превземаше мерки по донесени одлуки по ставови на Управниот одбор и на Директорот на Домот

- пофали и награди ученици според постигнатите успеси

- перманентно соработуваше со училиштата и со родителите на учениците

- разгледуваше информации од работата на Домската заедница и Комисиите

Во текот на учебната 2018/2019 година се одржани 7 состаноци на Совет на воспитувачи.

7.3. Совет на родители

Советот на родители во ОУД „Лазар Лазаревски" се формираше од претставници од родителите, односно старателите на учениците од сите воспитни групи, кои се сместени во Домот.

Советот на родители имаше активно учество во реализацијата на следниве задачи во текот на учебната година:

- анализа на ефектите од реализираните активности

- разгледување и анализа на успехот и поведението на учениците и даваше предлози за негово подобрување

-вклучување на родителите во организацијата на културно-забавниот живот во ученичкиот дом и слободните ученички активности на учениците

- иницирање на производствени и општествено-корисни активности

- одбележување на Патрониот празник на ученичкиот дом

- соработуваше со воспитувачите и со сите структури во ученичкиот дом

- активно учество во ЕКО проектот

Родителите, покрај воспитувачите, имаат голема улога во оформување на личноста на учениците. Преку нивниот ангажман тие имаат можност да влијаат на реализација и на резултатите од воспитно-образовниот процес.

8. УЧЕНИЧКА ДОМСКА ЗАЕДНИЦА

Домската заедница претставува највисок степен и орган на организирање на учениците и истата ја сочинуваат сите ученици во Домот. На почетокот на учебната година учениците го избраа раководството на Домската заедница: претседател и потпретседател, а потоа беа избрани и комисии. Домската заедница и комисиите во текот на учебната година работеа според однапред изготвени програми за работа. Ученичката Домска заедница ги третираше сите прашања поврзани со животот и работата на учениците во Домот. Воспитувачите како и административно - техничкиот кадар во Домот ја помагаа работата на Домската заедница, но на инструктивен начин преку обезбедување на простор и непречена самостојна работа и друг вид на потреби за реализација на работата на Домската заедница во целина.

9. ОПШТЕСТВЕНО-КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ

- *СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ*

Соработката со родителите завземаше значајно место во севкупната работа на ученичкиот дом. Голем број на ученици кои беа сместени во него за прв пат се одделија од своите семејства, другарите, пријателите и родното место. Со цел да им укаже помош во адаптацијата во новата средина ученикиот дом постојано соработуваше со семејствата на воспитаниците.

Преку соработката со родителите се добиваа информации за материјално-економските услови на семејството, положбата на ученикот во семејството и неговиот психо-социјален статус. Родителот пак се здобиваше со информации за тоа како и во какви услови живее и учи нивното дете, како се одвива неговиот психо-социјален развој и какви резултати постигнува во учењето.

Соработката се одвиваше преку следните форми и активности:

- *индивидуални контакти (посета на родител во ученичкиот дом, телефонски разговори и писмени известувања)*
- *родителски состаноци (на ниво на Дом, воспитна група, група за одредени прашања и проблеми од заеднички интерес)*
- *учество во организирање и реализирање на разни акции во Домот (свеченост, приредби, акции на солидарност, работни акции и сл.)*
- *учество на родителите во органите и телата на Домот, регулирано со Закон за ученички стандард*

- **СОРАБОТКА СО УЧИЛИШТА**

Соработката со училиштата е значаен сегмент од работата на ученикиот дом. Преку неа добивавме сознанија за целокупниот живот и работа на учениците во двете средини што придонесуваше полесно да се донесуваат и да се превземаат мерки за подобрување на воспитно-образовната работа во училиштето и Домот.

Соработката се остваруваше преку следниве форми и активности:

- *соработка при програмирањето на работата во ученичкиот дом (програмирање на заедничките активности)*
- *запознавање со условите, организацијата и резултатите од воспитно-образовната работа*
- *запознавање со обврските на ученикот во училиштето и ученичкиот дом*
- *соработка при организирање на слободните активности*
- *соработка на планот на следењето на успехот и напредувањето на учениците на образовен и воспитен план*
- *меѓусебна соработка на наставниците, воспитувачите и стручните соработници преку учество на стручните органи на училиштето и Домот*
- *реализирање на потпишаниот Договор за соработка со ССОУ „Коле Неделковски" Велес, учениците од насоката за угостителство практичната настава да ја изведуваат во Домот.*

- **СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА**

Поврзаноста на ученичкиот дом со општествената и културна средина беше од големо значење за педагошката работа. Тоа воедно, претставуваше пат и начин за воспитување во конкретната животна средина и нејзиното напредување.

Соработката се одвиваше преку следниве форми и содржини на соработка:

- *организирање на прослави на празници и јубилеи со приредби, изложби и др*
- *организирање на работни акции, акции на солидарност, општествено-корисна работа во локалната средина*
- *вклучување на талентирани ученици во културно-ученичките и спортските друштва*

ЗАКЛУЧОК

Од претходно изнесеното можеме да заклучиме дека воспитно-образовната работа во ученичкиот дом е реализирана на задоволително ниво.

Може да се истакне дека голем број активности и задачи од Годишната програма за работа на ученичкиот дом се реализирани и извршени со потребниот квалитет и постигнати се поставените и очекуваните цели.

Се остварија низа успешни соработки со ученички домови, кои придонесоа за повисоки резултати и поголемо задоволство кај учениците и воспитувачите, како и подобар квалитет во воспитно-образовната работа.

Развојот на учениците, признанијата и наградите силно не мотивираат и во иднина да продолжиме посветено и одговорно да реализираме активности и проекти кои ќе го подобрат квалитетот на воспитно-образовната работа во ученичкиот дом.

в.д. Директор:

Марјанчо Јорданов

Општински ученички дом ЛАЗАР ЛАЗАРЕВСКИ Велес Република Македонија

Претседател на УО

Александар Гулевски